# ПЕЛАГОНСКИ
# КУЛТУРНО-НАУЧНИ СРЕДБИ
# НОВАЦИ

## ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ
## 16

НОВАЦИ, 2020

**СОВЕТ НА СРЕДБИТЕ**

Ѓорѓи Лазаревски (претседател)
проф. д-р Благоја Брајановски (заменик претседател)
Панде Манојлов (заменик претседател)
д-р Весна Калпаковска
проф. д-р Ромина Кабранова
Биљана Димко
Антоанета Петровска
Ристе Котевски
Јован Ѓуровски
Трајан Митровски (секретар)

**ПОЧЕСЕН ОДБОР ЗА ЈУБИЛЕЈОТ**

акад. Владимир Костов (претседател на Одборот)
проф. д-р Вера Стојчевска – Антиќ (заменик претседател)
Љубе Кузмановски (градоначалник на Општина Новаци)
доц. д-р Невена Груевска (претседател на МНД –Битола)
проф. д-р Даниела Андоновска Трајковска (претставник на Педагошки факултет – Битола)
проф. д-р Тони Соклевски (претставник на Бизнис академија Смилевски – Битола)
Весна Жоглева (претставник на СОУ гимназија „ЈБ Тито"-Битола)
Милица Димитријовска – Радевска (претставник на СОУ гимназија „Таки Даскало" – Битола)
Благојче Кривевски (директор на СОЗУ „Кузман Шапкарев"-Битола)
проф. д-р Методија Стојановски (поранешен градоначалник на Општина Новаци)
Лазар Котевски (поранешен градоначалник на Општина Новаци)
Радован П. Цветковски (претставник на Битолски книжевен круг)
Антоанета Петровска (претставник на „Прва приватна гимназија"-Битола, ДООЕЛ „Мегасофт плус"-Битола)
м-р Бојан Стефановски (директор на НУУБ „Св. Климент Охридски-Битола)
д-р Мери Стојанова (директор на Завод и Музеј –Битола)
Гоце Стојановски (претставник на Државен архив на РСМ – Одделение – Битола)
Уте Маргарет Саине (Ute Margaret Saine, претседател на Друштвото на писатели од Калифорнија)
Добре Тодоровски ( претседател на Здружението „Завештание"-Бабино)
Стојан Ѓуровски (претседател на Мариовско-мегленските средби)
д-р Дијана Христовска (директор на ОУ „Стив Наумов"-Битола)
м-р Илче Соклевски (директор на ОУ „Славко Лумбарковски"-Новаци)

проф. д-р Борис Ангелков
проф. д-р Трајко Огненовски
Александар Тодоровски
Никола Миновски
д-р Александар Литовски
Васко Гичевски
д-р Роберт Трајковски
проф. д-р Никола Димитров
проф. д-р Цане Котески
проф. д-р Златко Јаковлев
проф. д-р Осман Кадриу
проф. д-р Златко Жоглев
проф. д-р Гордана Стојаноска
Магдалена Сајкова
проф. д-р Јорде Јаќимовски
Славе Катин
проф. д-р Марија Котевска – Димовска
м-р Валентина Димовска
Никола Кочовски
Зорица Наумовска
Божин Андоновски
Љупчо Василевски
Ванде Ганчевски
проф. д-р Бранко Димески
д-р Лилјана Дојчиновски
проф. д-р Менде Солунчевски
Билјана Солунчевска
Даниел Ѓорѓиевски
проф. д-р Валентина Илиева
Тодор Гулевски
Рада Видиновска
Симона Монавчева
м-р Симона Јовеска
Николина Ѓуровска
Илче Стојановски
Светлана Далевска
Лилјана Тошевска
Душан Ристевски
Ирена Поповска - Талевска
Петар Велјановски
Петар Ставрев
Јове Парговски

**Проф. д-р Гордана СТОЈАНОСКА**........................................................46
Спомени и сеќавања за Брник: мапи и албуми на срцето
**Проф. д-р Даниела АНДОНОВСКА – ТРАЈКОВСКА**............................49
За посебното издание на списанието „Прилози“ 27 во издаваштво на Македонското научно друштво –Битола: „Академски такт за фолклорот и традицијата“
**Проф. д-р Златко ЖОГЛЕВ**....................................................................51
Сага за Бач и Моштенците
**Милица ДИМИТРИЈОВСКА – РАДЕВСКА**...........................................58
Кристална решетка на поетскиот израз во стихозбирката „Утеха“ од Панде Манојлов
**Д-р Весна КАЛПАКОВСКА**......................................................................64
Мариовски приказни и шарени тесели во раскажувачкиот опус на Јован Ѓуровски
**Проф. д-р Благоја БРАЈАНОВСКИ**..........................................................68
Исконска болка за напуштените пелагониски села
**Блага ХРИСТОВСКА**.................................................................................72
На изворот, осврт врз историскиот роман „Бачилото на Стојан“ од Ѓорѓи Лазаревски
**Божин АНДОНОВСКИ**...............................................................................76
Дедо Петко – домаќинот во манастирот „Св. Ѓорѓи“ во с. Паралово

ПОЕЗИЈА

**Панде МАНОЈЛОВ**...................................................................................90
-Мајка ми.. ..................................................................................................91
-Битолчанки ...............................................................................................92
-Татковина...................................................................................................93
-Болеста .....................................................................................................
**Проф. д-р Менде СОЛУНЧЕВСКИ**........................................................95
-Папради.....................................................................................................95
-Независна Македонија...............................................................................96
-Чудесни камчиња.......................................................................................97
-Се било како да не било...........................................................................
**Биљана СОЛУНЧЕВСКА**.......................................................................100
-Баба Крстана.............................................................................................101
-Зборот.......................................................................................................102
-Копнеж......................................................................................................103
-Чувар на мојата тајна...............................................................................105
**Радован П. ЦВЕТКОВСКИ**.....................................................................105
-Мудроста на мислата...............................................................................106
-Аманет.......................................................................................................107
-Сонот на двајцата поети ...........................................................................

**Проф. д-р Гордана Стојаноска**

# СПОМЕНИ И СЕЌАВАЊА ЗА БРНИК: МАПИ И АЛБУМИ НА СРЦЕТО

Рецензија за книгата „Спомени и сеќавања за Брник“ којашто е дел од трилогијата „Оживеани искри“ на Божин Андоновски објавена во 2019 во издаваштво на Друштво на писатели „Битолски книжевен круг“ Битола.

Во досегашните книги, го откривавме авторот Божин Андоновски како поет и како наратор, а последниот дел од трилогијата Оживеани искри: Спомени и сеќавања за Брник го открива како историограф и етнограф. Во фокусот овојпат му е селото Брник, сместено во еден од најживописните региони на Македонија - Мариовскиот регион. Авторот Андоновски го мапира и илустрира ова, за жал веќе раселено село преку седум делови и дури 171 фотографија.

Накратко, книгата е со факти за трагичната судбина на селото Брник. Авторот сеопфатно и детално се задржува на секој аспект од животот и секојдневието на селото, до толку, што повремено имаме впечаток дека сме отпатувале низ просторот и времето - право таму. Тој го опфаќа овој регион од повеќе аспекти: географски, стопански, општествено - политички и демографски.

Географски, Брник никогаш не било некое големо село. Најмногу броело од четириесет до педесет куќи. Сместено на источната страна од Битола, на оддалеченост од околу 35 километри, тоа било населено со семејства од македонска националност со православна вероисповед. Низ селото течела Брничка Река, а како нејзина лева притока се спојувала и Студенечка Река - која му давала живот на селото, затоа што служела и како главно поило за стоката, но и за други потреби на селаните, како на пример, наводнување на засадените површини и перење (иако речиси секоја брничка куќа имала кладенец во дворот). Посебна природна атракција бил Брничкиот Водопад.

Во 2003 година, Брник останало само со тројца жители, а во 2004 година, селото целосно се испразнува, до последниот жител.

Гледано од аспект на стопанството, во Брник се занимавале со земјоделие и сточарство. Андоновски ги наведува и објаснува културите и добитокот кои се одгледувале, начинот на обработка на земјата, начинот на пренос и превоз (запрежни коли), обработката на житните култури, селскиот полјак и неговите задолженија, селскиот говедар неговите задолженија, а кои работеле за жито или за малку пари), лозарството и производството на вино и ракија, при што е опишан целокупниот процес. Пластичноста на пишувањето отвора прозорец кон едно време за кое помладите и идните генерации ќе дознаат само преку пишаниот збор.

Општествено-политичките случувања се исто така во фокусот на вниманието на авторот. Тој ги опишува Брник и Брничани во времето на распадот на Отоманската Империја, Балканските и Првата Светска Војна во која биле мобилизирани 1400 мажи од регионот, Втората Светска Војна, НОВ (Народноослободителната Војна) и по ослободувањето, периодот на колективите и од поновата историја - Брничките средби кои се одржувале само две години. Приложени се кратки биографии од Трајко Краљо - легендарен брнички борец против османлиското и андартското насилство, и од Ѓорѓи Мијаковски – Катил Ѓорѓи).

Низ историските податоци тој ги уфрла тешките, речиси монструозни настани кои го проследуваат овој бурен период: се случувало едниот брат да биде во редовите на Српската восјка, а другиот - во редовите на Бугарската војска и да се борат „брат против брат", бугарската окупација на регионот за време на Втората Светска Војна во која се мобилизирало население за служење во бугарска војска, а што е приложена целокупната документација за мобилизацијата на Трајан Костовски кого го снашла оваа судбина.

Опишани се и обичаите кои се врзуваат за секојдневната рутина, славењето на празниците и селските слави - во овој регион се славеле Велигден и Свети Никола, како и верувањата врзани за сезонските или ритуалите на премин при важни и клучни животни настани.

Посебен дел посветува за напредокот кој, за жал, го заобиколува Брник: иако електричната енергија по 1959 година станува вообичаена, Брник никогаш не ја добива. Биле употребувани транзистори и радио на батерии, но една од лавовските причини селото да се расели, веројатно е таа.

Од демографски аспект, авторот Андоновски детално го наведува бројот на жители и го опишува процесот на иселувањето на село Брник. Наведени се целокупните семејни листи на Брничани по презимиња, склопени бракови и родени деца. Исто така, наведено е и движење на бројот на жители во текот на 20 - тиот век.

Како што наведовме погоре, текстовите се поткрепени со 171 фотографија кои се соодветно разместени за да ги дообјаснат и збогатат податоците.

Од аспект на времето во кое се направени, ги има од долг временски распон - од првата половина на минатиот век, па сè до најнови.

Од содржински аспект, може да ги класифицираме во неколку групи:

- Фотографии од чешми (чешмата Светонеделска), кладенци и Брничкиот водопад.
- Фотографии од воденици, фурни, цркви (Свети Димитрија - целокупен историјат на црквата, црковен печат, црковна книга, фрески) и гробишта.

- Фотографии од куќите на жителите (во денешно време и во старо време).
- Фотографии од самите жители во различни пригоди: од венчавки, училишни, семејни, војнички, од пријателски и љубовни средби, од секојдневието, од работата, од слави, од Брничките средби...
- Фотографии од алатки и рачни средства, садови: пиралки, котел, лејки, кандила, казан за печење ракија, плетени срчи за складирање на ракија, јареми, тепсии, српови, мотики, дрмон.
- Фотографии од оружје, муниција, опрема, гробишта и спомен плочи од Прва Светска Војна и Балканските војни, од жители од селото како војници.

Авторот ја наведува и литературата која ја користел за создавањето на ова дело.

Секако дека ова е еден прекрасен начин да се заокружи трилогијата „Оживеани искри“. Да се поткрепат со факти сите тие потресни зборови од претходните два дела и да се создаде една целовита слика за една мала точка на географските карти, но голема празнина во човековите души.

Трагите остануваат по секој човек, тоа не е спорно. Спорно е колку се задржуваат по него. Божин Андоновски, преку шест книги во кои најмногу зборува за застрашувачката „бела чума“ или нејзините рани почетоци, своите траги ги издлабил, а потоа филигрански ги изгравирал во гранит. Длабоко. Неизбришливо.